# *Годишен извештај за активностите на Центарот за истражување и информирање за животната средина „Еко-свест“*

*2010 година*

# Содржина

**Вовед ... 3**
**Активности реализирани во текот на 2010 година ... 4**
**Важни настани во 2010 година ... 10**
**Буџет за 2010 година ... 13**
**Издадени публикации во текот на 2010 година ... 17**

# Вовед

Оваа година ќе ја запаметиме по новата област во која започнавме да работиме- опасни хемикалии и токсини. За Македонија тоа е навистина важна тема, поради отсуството на задоволителна законска рамка, но и поради постојаната изложеност на граѓаните на токсините, без нивно знаење и предупредување.

Во 2010 година публикувавме две информативни дела на оваа тема, и тоа брошура „Штетни хемикалии во козметиката, средствата за чистење и играчките“ и „Извештај за состојбата со жива во Македонија“. Темата навистина беше добро прифатена од македонските медиуми и Еко-свест доби навистина ударни вести во времетраење од две недели во текот на месец октомври.

Оваа година засекогаш ќе остане посебна за нас поради отворањето на првиот систем за изнајмување на велосипеди со три пункта во Скопје. По долгогодишната „борба“ со градските власти, нашата Јулијана Даскалов успеа да го направи невозможното!

На 28 јули, со јавен настан на плоштадот Македонија, системот за изнајмување на велосипеди, воспоставен со проектот на Еко-свест, финансиски поддржан од Програмата за мали грантови на ГЕФ, свечено го отвори градоначалникот Коце Трајановски.

Во текот на 2010 година ја продолживме долгогодишната соработка со CEE Bankwatch Network. Во рамки на оваа програма, Еко-свест објави студија „Граѓанските организации и инструментот за пред-пристапна помош во Македонија“.

Во 2010 година, Еко-свест стекна нови членови и нов Управен и Надзорен одбор со членови кои навистина ги цениме и почитуваме.

# Активности реализирани во текот на 2010 година

## Активности на CEE Bankwatch Network во Македонија

**Времетраење:** 01.01.2010 – 31.12.2010

**Краток опис:**
Во рамки на оваа програма се работи со цел да се спречат негативните инфраструктурни проекти од секторот транспорт и енергетика; се промовираат алтернативи на ваквите проекти и се подига свеста кај граѓанските здруженија и граѓаните за негативните влијанија од финансирањата на меѓународните финансиски институции.

**Буџет за 2010:** 844 560 денари

**Цели на програмата:**

- Да се спречат негативните инфраструктурни проекти во Македонија и негативните влијанија од нив (Коридор 10- Демир Капија- Смоквица)
- Да се следат Европските фондови во Македо-нија преку активно учество во комитетите за следење
- Да се подигне свеста кај граѓанските здруженија и граѓаните за можните негативните влијанија од финансирањата на меѓународните финансиски институции
- Редовно да се комуницира со Европска Комисија со цел да се информира за случувањата

**Активности:**

- Учество во комитетите за следење на Европските фондови. Наш член е претставник на еколошките НВО во 2 такви комитети
- Следење на развојот на големите инфраструктурни проекти од секторот на транспорт и енергетика со цел организирање на заеднички ставови на организациите од регионот, праќање писма, објавување написи и сл. со цел да се влијае врз нивниот исход.
- Да се соработува со организациите од регионот и да се поддржат во нивните напори да ги следат ИПА фондовите во нивните земји
- Да се учествува на меѓународни средби и состаноци со цел да се информираат институциите за нашите ставови и барања.

**Постигнати резултати:**

- Извештаи до еколошките граѓански организации за развојот и случувањата на состаноците на мониторинг комитетите (објавени на веб страницата на Еко-свест);
- Извештај за средбите во Брисел релевантни за Македонија и земјите од Западен Балкан за учеството на еколошките организации во транспортната заедница за Западен Балкан (објавен на веб страницата на Еко-свест);
- Објавена студија „Граѓанските организации и инструментот за пред-пристапна помош во Македонија“ (објавена на веб страницата на Еко-свест);
- Голем број на писма и комуникација со различни институции за учеството на еколошките организации во процесите на донесување одлуки од област на животната средина (објавени на веб страницата на Еко-свест).

## Опасни хемикалии

**Времетраење:** 01.01.2010 – 30.09.2010

**Краток опис:**
Главна цел на овој проект е да се подигне свеста на граѓаните во Македонија за присуството на штетни хемикалии во козметичките производи, средствата за домашна хигиена и играчките за деца, како и за можните алтернативи на овие производи.

**Буџет:** 135000 денари

**Донатор:** Чешка организација ARNIKA

**Цели на проектот:**
Подигнување на јавната свест на потрошувачите за потенцијалните штетни влијанија на различните хемикалии врз нивното здравје и животната средина, како и користење на безбедни алтернативни производи.

**Активности:**

- Истражување на пазарот, со цел да се идентификуваат хемикалиите присутни во маркетите. Ова резултира со листа на производи најдени во мали и големи маркети, козметички продавници и продавници за играчки, и листа на хемикалии присутни во нив, како и можните ризици од нивна употреба и нивни алтернативи.
- Изработка на ВЕБ страна која ќе ги содржи сите информации поврзани со проектот, нашето истражување и резултатите добиени од тоа истражување.

- Изработка на информативна брошура на македонски јазик која ке биде поставена и на ВЕБ страната, а во која ќе има информации за предупредувачките знаци и обележувања на производите, листа на играчки најдени кај нас а кои содржат штетни хемикалии, како и влијанија на хемикалиите врз човековото здравје и животната средина.
- Изработка на постер кој ќе биде поставен на фрекфентни локации низ Скопје, на кој ќе има општи информации за проектот и веб страницата.
- Медиумска покриеност- организирање на прес конференција, како и гостувања на емисии и написи во весници.

## Истражување на жива во Македонија

**Времетраење:** 01.09.2010 – 31.12.2010 (продолжува во 2011 година)

**Краток опис:**
Главна цел на овој проект е подигнување на јавната свест на граѓаните за присуството и токсичноста на металот жива, како и тестирање на примероци од коса за присуство на овој метал.

**Буџет:** 2552 USD

**Донатор:** Чешка организација ARNIKA

**Цели на проектот:**
Подигнување на јавната свест на потрошувачите за потенцијалните штетни влијанија на живата врз нивното здравје и животната средина преку нивно информирање за тоа каде може да се најде живата, кои се начините на нејзиното делување како и начини за нејзино одбегнување или отстранување од организмот или животната средина.

**Активности:**
- Подготовка на 5 информативни брошури за жива на македонски јазик, со цел јавноста подобро да се запознае со сите форми на жива и нивната токсичност. Овие брошури можат да се најдат на веб страната www.toxic.mk.
- Тестирање на примероци од коса за присуство на жива, а потоа и анализирање на добиените резултати и нивно претставување во посебен документ кој може да се најде на постоечката веб страна www.toxic.mk, во делот “Извештаи за жива”.

- Медиумска покриеност- организирање на прес конференција, како и неколку гостувања на национални телевизии и документарна емисија на тема жива.

# Важни настани во 2010 година

## Отворање на системот за изнајмување велосипеди

По неколку години посветена работа на проектот „Велосипеди за сите“, Јулијана Даскалов, координаторот на проектот успешно го организираше отворањето на системот за изнајмување велосипеди. Пунктовите ги отворија градоначалникот на град Скопје, г-дин Коце Трајановски, и градоначалникот на општина Аеродром г-дин Ивица Коневски, а на отворањето беше присутен и претставникот на донаторот, г-дин Златко Самарџиев (ГЕФ, Програма за мали грантови), како и многу граѓани и поддржувачи.




**Слика 1. На мапата се означени местата на пунктовите, каде може да се изнајмат велосипедите**

## Еко-свест во медиумите

Во 2010 година, Еко-свест беше често присутен во сите Македонски медиуми, печатени и електронски. Драгана Угуровска, координатор на проектите за хемикалии и жива, присуствуваше на 4 телевизиски интервјуа, 1 радио интервју и даде безброј изјави за многу написи во печатените медиуми.

Во 2010 година, Македонската телевизија сними 30 минутна емисија за Еко-свест, во која се обработуваа темите на кои работи Еко-свест и во која координаторите на Еко-свест говорат за предизвиците со кои се соочуваат. Емисијата се емитуваше неколку пати во етерот, на крајот на 2010 и почетокот на 2011 година.



АНА ЧОЛОВИЌ-ЛЕШОСКА, ДИРЕКТОР НА НВО „ЕКО-СВЕСТ“

**Листата на отровни играчки е многу поголема**

**Ние успеавме да откриеме триесетина вида играчки што содржат штетни супстанции, но подетално истражување на пазарот сигурно ќе покаже дека има многу повеќе, вели Чоловиќ-Лешоска**

**Колку вакви опасни производи има на пазарот?**

- Нашето истражување траеше од почетокот на годината и ние првенствено сакавме да видиме дали производи што самата Европска комисија преку РАПЕКС-листата ги испитала и ги означила за опасни се продаваат и на нашиот пазар. Тоа се повеќе листи на кои има по стотици производи и за секој поединечно е наведено какви и колку штетни материи имаат. Ние успеавме да откриеме триесетина вида играчки што содржат штетни супстанции, но подетално истражување на пазарот сигурно ќе покаже дека има многу повеќе. Вршевме споредба само за оние играчки што може да се најдат во продажба во регуларни продавници. Немавме можност да истражуваме какви сѐ опасни играчки се продаваат на отворените пазари. Од искуство знаеме какви производи таму можеме да најдеме.

**Како да се препознаат и како да се постапува со нив?**

- Оваа РАПЕКС-листа постои веќе пет-шест години, но таа постојано се надополнува со нови производи за кои испитувањата ќе покажат дека содржат недозволено количество штетни материи. Тоа е доволен ориентир за граѓаните за да знаат какви опасностите демнат од играчките и како тие може да дејствуваат врз нив и нивните деца, ако подолго време се во контакт со нив. Оваа листа треба да биде своевиден аларм и за државните институции за да решат што да прават со вакви производи, кои масовно влегуваат на пазарите во многу земји. Најдобра и наједноставна заштита е децата и возрасните да немаат контакт со вакви материи. Тоа значи, да внимаваат што купуваат и со што дозволуваат да играат децата.

**Во што е опасноста, како ни се случува загрозувањето со опасни материи?**

- Според она што е наведено на листата, можам да кажам дека најопасни се фталатите, хемиска супстанција што се користи за стврднување на пластиката. Тие, преку триењето на пластиката со нашата кожа, може да навлезат во организмот и имаат својство да имитираат женски хормони, поради што може да го нарушат репродуктивниот систем кај девојчињата. Кај машките деца исто така може да предизвикаат нарушување на репродуктивниот систем преку смалување на тестисите. Опасно е и кога пластиката во која има фталати се пали за да се уништи. Согорените супстанции подоцна ни се враќаат преку воздухот и може да се случи да ги внесеме во организмот. Според мене, опасни се и производи, како на пример влечки или апостолки, кои испуштаат силна миризба и која потоа ја вдишуваме. Утврдено е дека се опасни и сунѓерите што често ги има по игротеки и со кои по пат на спојување се прекрива подот и на кои децата интензивно играат. Посебен проблем е што на производите нема декларации за нивниот хемиски состав.

**Имате ли објаснување како тие производи влегуваат во земјава и потоа слободно се продаваат?**

- Очигледно е дека се увезуваат и потоа слободно се продаваат. Прашање е зошто нашите инспекциски служби вршат контрола за присутноста само на неколку супстанции, а не и на оние што ЕК ги посочува како опасни. Предупредувачките листи од Брисел мора да се земаат предвид.



Дневник

ГОДИНА XV, БРОЈ 4389 | ПЕТОК, 15 ОКТОМВРИ 2010

4 Немате процедури за да гласа дијаспората

6 ОД ЃУБРЕТО НЕ СЕ ГЛЕДА ЏАМИЈАТА

25 „Нувел ваг“ бенд со автор

**Од играчки - плачки**

Недоволна контрола на големиот увоз на детските играчки на пазарот во земјава донесе десетици артикли опасни за здравјето на децата

БРАНКО ЃОРЃЕВСКИ

**Слика 2 и 3. Насловна страна на Дневник, со напис за истражувањето на Еко-свест**

## Еко-свест ја воспостави toxic.mk

Еко-свест, преку проектот „Опасни хемикалии во Македонија“ го објави својот нов веб сајт www.toxic.mk каде може да се најдат корисни информации за:

- Опасните и токсични хемикалии во козметиката и средствата за чистење во домаќинствата;
- Токсични играчки пронајдени во Македонија според RAPEX листата за безбедност на потрошувачите на Европска унија
- Пет информативни брошури за жива и извештај од тестирањето на жива во коса во Македонија.

## Еко-свест со нов Управен и Надзорен одбор

Во 2010 година Еко-свест на своето годишно собрание ги избра новите членови на Управниот и надзорниот одбор.

Новиот Управен одбор на Еко-свест го сочинуваат:

- Жарко Конески, претседател
- Ленче Данаиловска, и
- Воислав Иванов

Новиот Надзорен одбор го сочинуваат:

- Јасмина Саид и
- Бојан Талевски.

# Буџет за 2010 година

## Во текот на 2010 година, Еко-свест ги оствари следните приходи

| | |
|---|---|
| Средства префрлени од 2009 година | 17547,00 |
| Банкарски камати | 1370,00 |
| Донации | 30000,00 |
| Членарини | 5000,00 |
| Грантови | 1290673 |
| | |
| **Вкупно во денари** | **1344590,00** |

## Графички приказ на приходите за 2010 година



## Во текот на 2010 година, Еко-свест ги оствари следните расходи:

| **Ставка** | **Износ во денари** |
|---|---:|
| Авторски надоместоци | 325832,00 |
| Плата за вработен | 421596,00 |
| Телефонски трошоци | 37491,00 |
| Интернет | 10200,00 |
| Кирија за канцеларија | 110280,00 |
| Режиски трошоци | 26051,50 |
| Услуги | 160556,00 |
| Канцелариски трошоци | 16737,50 |
| Печатење | 47744,00 |
| Поштенски пратки | 1818,00 |
| Патувања | 15426,00 |
| Опрема | 8419,00 |
| Провизии | 7436,00 |
| Активности за проекти | 7315,00 |
| Друго | 3245,00 |
| | |
| **Вкупно** | **1.200 147,00** |

## Графички приказ на расходите за 2010 година



## Расходи по проекти

| Проект | Фондација | Во МКД | Во ЕУР |
|---|---|---|---|
| Програма на CEE Bankwatch Network во Македонија | CEE Bankwatch Network | 845867,00 | 13821,36 |
| Опасни хемикалии во Македонија | Arnika | 131531,00 | 2149,20 |
| Подигање на јавната свест за жива | Arnika | 117049,00 | 1912,57 |
| Велосипеди за сите | GEF Small Grants Programme | 86918,00 | 1420,22 |
| **Вкупно** | | **1181365,00** | **19303,34** |

## Графички приказ на буџетите на проектите во 2010 година



# Издадени публикации во текот на 2010 година

Во текот на 2010 година „Еко-свест“ ги издаде следните публикации:

- Граѓанските организации и инструментот за пред-пристапни фондови во Македонија
- Штетни хемикалии во козметиката, средствата за чистење и играчките
- Извештај за состојбата со жива во Македонија

Сите издадени публикации можат да се најдат на веб страницата на Еко-свест, www.ekosvest.org.mk или во печатена верзија во канцеларијата на Еко-свест.

*Извештајот за активностите на Еко-свест во 2010 година го изработија:*

*Ана Чоловиќ Лешоска*

*Драгана Угуровска*